| **Седмица: 13** **Час: 5**<br>**Датум:** | | | **Тема 3: Програма за мултимедијални презентации**<br>**Наставна единица: Додавање графички објекти на слајд** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Активности<br>Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да се оспособи за додавање на графички објект во слајд од мултимедијална презентација | **<u>Сите можат:</u>**<br>да ја наведат улогата на сликите во текст | Со учениците се дискутира како учат полесно, дали кога имаат само текст или кога во текстот има и слика? Зошто побрзо се паметат содржини кога во објаснувањето на текстот има и слики? На овој час ќе учиме како се додава слика во презентација. | З<br>метод на разговор | План за правење презентација<br><br>Компјутери<br><br>LCD проектор | Дискусија |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да внесат слики и графички елементи во презентација | - Учениците во презентацијата за годишни времиња ќе треба да вметнуваат слики кои ја надополнуваат содржината на текстот. Во детските лаптоп компјутери има папка на работната површина во која има разни слики за годишните времиња.<br>- Наставникот демонстрира внесување слики и графички форми во слајд, а учениците ги следат неговите инструкции и ги применуваат истите постапки.<br>• Активност за **внесување слики** во презентација:<br>• на слајдот со лев клик се бира место каде што сакаме да се вметне сликата;<br>• се бира Вметнување > Слика > Од датотека;<br>• се отвора прозорец во кој треба да се одбере локација и име на сликата;<br>• се клика името на датотеката и се одбира Отвори.<br>• за **внесување графички форми** треба да се прикаже алатникот со цртање Приказ > Алатници > Цртање;<br>• од лентата со алатки избираме форма и со лев клик на слајдот се внесува формата;<br>• на внесената форма може да се менуваат: големината, местоположбата, бојата на внатрешноста и бојата на линијата, со тоа што најпрво формата се селектира со лев клик и во лентата со алатки одбираме боја, градиент или шрафура. | метод на демонстрација<br>Г<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување<br><br>Изработена презентација |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да откријат кои други елементи можат да ги внесат во презентацијата | Истражуваат кои елементи, освен слика, може да се внесат во презентацијата. | И<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги/групи/ возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: дискусија за улогата на сликите во текстот<br>Главен дел: групна работа и додавање слики и графички елементи во презентација, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: индивидуално истражуваат други елементи кои можат да се внесат во презентацијата | | | Да вежбаат внесување слика и графички елементи во презентација на домашен компјутер. | | | внесување слики, графички форми, мани, манипулација со слајдови. |

obrazovanie.literatura.mk